# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА РАКОПИСОТ „ЛИКОВЕН ЈАЗИК“ ОД ПРОФ. Д-Р НИКОЛА СМИЛКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип со одлука бр. 2102- 130/24 од 23.4.2014 година нè определи за рецензенти на ракописот на вон. проф. д-р Никола Смилков под наслов „Ликовен јазик“.

Изразувајќи благодарност за укажаната доверба, а по проучувањето на ракописот имаме задоволство и чест до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за трудот***

**Обем, содржина и структура на делото.** Трудот е во обем од 90 страници, структуриран во дваесет делови и библиографија, обработени на концизен начин, со што на студентите им се овозможува да стекнат основни информации и знаења за ликовниот јазик и за создавањето на знаења од оваа област. Истиот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина 12. Истиот содржи и соодветни графички решенија и е подготвен согласно со пропишаната наставна програма и барањата кои им се поставуваат на студентите во рамки на овој наставен предмет. На тој начин ракописот добива функција студентите и другите корисници да имаат практичен водич за совладување на тајните на ликовниот јазик и активно да учествуваат во создавањето на новото знаење.

Содржината на трудот претставува јасна мисловно логична целина.

**Стуктурата на трудот** е поделена во три тематски целини кои системно и постапно согласно со пропишаната наставна програма се надополнуваат еден со друг и библиографија.

Во првиот дел од трудот се дефинирани карактеристиките на ликовниот јазик, а посебен акцент е поставен на начинот на кој се изразува ликовниот уметник. На доста јасен и едноставен начин авторот ги истакнува и специфичностите на ликовниот јазик.

Во вториот дел од книгата се обработени основите на ликовните елементи: линија, боја, тон, текстура, насока, големина, форма, простор, а во третиот дел ликовните принципи контраст, повторување-ритам, хармонија, рамнотежа, градација, пропорција, единство и композиција.

Детално се објаснети поимите поврзани со некои ликовни проблеми кои се наоѓаат во структурата на ликовното образование во основното образование. Обработени се ликовни содржини кои секогаш се непроменливи, но и присутни во секое ликовно изразување.

Во визуелниот дел е поставен богат визуелен материјал, дидактички илустрации, ликовни дела од ученици и одбрани репродукции од ликовната уметност. Претставените илустрации се во согласност со конкретни ликовни проблеми во кои јасно се гледа препознатлива ликовна структура.

***Оригиналност на трудот***

Ракописот „Ликовен јазик“ е изработен во согласност со предметната програма за предметот Ликовно образование со методика 1, поставен во студиската програма за одделенска настава на Факултетот за образовни науки во Штип. Истиот може да се применува за реализацијата на наставата за студентите од Одделот за предучилишно воспитување за предметот Ликовно воспитание и образование со методика 1. Во него авторот на доста едноставен, разбирлив, концизен начин, применувајќи го принципот на системност и постапност ги обработува основните прашања поврзани со стекнувањето на знаења за ликовниот јазик, т.е. ликовните елементи: линија, боја, тон, текстура,

насока, големина, форма, простор и ликовните принципи: контраст, повторување-ритам, хармонија, рамнотежа, градација, пропорција, единство и композиција.

Трудот е напишан на стандарден македонски јазик со користење на кирилско писмо.

Истиот има за цел на студентите и на наставниците да им овозможи стекнување на методички знаења, стекнување на компетенции што треба да ги поседува еден современ наставник - воспитувач кој се залага за постигнување на квалитетна настава и учење.

Трудот ги апстрахира, апострофира и коментира современите теориски сознанија за ликовното воспитание и образование со методика.

Понудата на литература од областа на ликовното воспитание и образование е оскудна, скромна, при што посебно место му припаѓа на учебникот од Ордев, Д. „Основи на настава по ликовно" во кој се разработуваат прашања и проблеми поврзани со реализацијата на наставата по ликовно воспитание и образование во наставата во основното училиште.

**Степен на соодветност на текстот со програмата**. Учебникот „**Ликовен јазик**" е наменет како учебна литература за студентите од Одделот за одделенска настава со можност за негово користење и од страна на студентите од Одделот за предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки. Изложените содржини соодветствуваат на предметната програма и ќе претставуваат неопходен материјал за совладување на знаењата од предметот Ликовен јазик.

***Методичко-дидактички вредности***

Сознанијата изнесени во трудот се систематизирани, логички поврзани, прегледни и ја потврдуваат и методичко дидактичката ориентација на авторот.

Редоследот на темите обезбедува систематско усвојување на знаења од страна на студентите

Трудот ги исполнува дидактичко-методичките основи потребни за комуникација со студентите.

***Мислење и предлог***

Од прегледот и критичкиот осврт кон ракописот **„Ликовен јазик"** од **д-р Никола Смилков** може да се заклучи дека станува збор за труд со стручна и научна вредност, дидактички обликуван за возрасна популација која се оспособува за професијата наставник, труд кој е резултат на едно долгогодишно искуство на авторот во елаборирање на ликовната проблематика од методички аспект.

Врз основа на изнесеното имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да му предложиме ракописот со наслов **„Ликовен јазик"** од авторот **д-р Никола Смилков**,да го **објави** и **издаде како универзитетски учебник** за предметната програма Ликовно образование со методика 1 и Ликовно воспитание и образование со методика 1 на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Фехим Хусковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Јованова- Митковска, с.р.**